РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 01-07-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вред... Vle... |
| 03- | 1847/1 | | |

[redacted]

До
Државна комисија за спречување на корупцијата
Адреса Бул. Пресвета Богородица бр. 3 1000, Скопје

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на членовите 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**1. Поднесени анкетни листови и измени на анкетни листови за имотната состојба на Христијан Мицкоски во период од 01.01.2015 до 31.12.2017 што ги поднел како вршител на следниве јавни функции:**
**Советник на претседателот на Владата на Република Македонија за енергетика и Претседател на УО и генерален директор на АД Електрани на Македонија (денес Електрани на Северна Македонија).**

2. Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

Барател на информацијата:
[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.)

Во Скопје

Датум на поднесок: 26.06.2024 година

[redacted]

## Burim Abazi

**From:** [redacted]
**Sent:** Wednesday, June 26, 2024 1:41 PM
**To:** b.abazi@dksk.org.mk; contact@dksk.org.mk
**Subject:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер
**Attachments:** [redacted]

Почитувани, во атачмент ви праќам барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Поздрав,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-1847/2
03-07-2024 г./v

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1847/1 од 01.07.2024 година, доставено од [redacted] преку застапник/полномошник на барателот на информацијата [redacted] донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. 03-1847/1 од 01.07.2024 година, доставено од [redacted], **СЕ УВАЖУВА.**

Бараните информации-документи да се доставаат до барателот на информацијата на начин наведено во барањето по одвојување на податоците заштитени со закон.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Барателот на информацијата [redacted] до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер (во електронска форма) со кое побара:
*„1. Поднесени анкетни листови и измени на анкетни листови за имотната состојба на Христијан Мицковски во период од 01.01.2015 до 31.12.2017 што ги поднел како вршител на следниве функции: Советник на претседателот на Владата на Република Македонија за енергетика и Претседател на УО и генерален директор на АД Електрани на Македонија (денес Електрани на Северна Македонија).*

По разгледување на барањето ДКСК констатираше дека од страна на лицето Христијан Мицковски при избор на функцијата Претседател на управен одбор на АД ЕЛЕМ и Генерален директор на АД ЕЛЕМ во АД ЕЛЕКТРАНИ на Македонија во државна сопственост Скопје (АД ЕЛЕМ) е доставен анкетен лист заведен под архивски бр. 08-3800/1 од 05.05.2017 година и анкетен лист по престанување на функцијата Претседател на управен одбор на АД ЕЛЕМ и Генерален директор на АД ЕЛЕМ во АД ЕЛЕКТРАНИ на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Македонија во државна сопственост Скопје (АД ЕЛЕМ) заведен под архивски бр. 08-3800/2 од 04.09.2017 година.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Заменик претседател**
**Зоран Богоевски**

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице

Да се достави до:
- подносителот